По две години пауза предизвикана од пандемијата на Ковид-19, оваа година повторно ќе биде спроведуван проектот „Родум од Македонија“. Студентите од македонската дијаспора ќе престојуваат и ќе извршуваат пракса во Скопје и за прв пат во Битола.




Затоа, МЦМС и Алијансата на организации од Битола ги покануваат семејствата од Скопје и Битола да бидат домаќини и да го отворат својот дом за тринеделен престој на студенти од македонската дијаспора во периодот од 1 јули до 22 јули 2022 година.

Сместувањето во семејства ќе им овозможи да бидат во допир со нашата култура, да се запознаат со нашето секојдневие и да создадат трајни пријателства. Покрај тоа, за време на престојот младите ќе извршуваат практична работа во соодветни институции во Скопје и Битола.

Потребните услови кои секое семејство треба да ги исполнува се наведени во Документот за согласност кој може да го видите на следниот линк . За сместување на студентите е предвиден паричен надомест од 100 американски долари како симболична поддршка за семејствата домаќини.

„Родум од Македонија“ е дел од глобалниот проект „The Macedonian Heritage Village“, што го спроведува Обединета македонска дијаспора (ОМД) . Оваа програма се организира по шести пат. По успешните пет години, кога можноста ја искористија
четворица студенти во првата година
,
шест во втората
,
осум во третата

,
пет во четвртата
и
шест во петта година
, интересот на студентите од дијаспората постојано расте.

Доколку би сакале вашето семејство да биде домаќин на некој од студентите, пријавете се на: jch@mcms.mk за семејства од Скопје и на renata.petrevska@eccfp.edu.mk за заинтересирани семејства од Битола, **најдоцна до 20 јуни 2022 година.**

За сите дополнителни информации може да не **контактирате на тел. 072 226-144.**